Во чест на одбележувањето на **25 годишнината од основањето**, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ќе организира
**две бесплатни обуки**
за заинтересираните
**претставници на граѓанските организации и граѓански активисти**
.




**Обуката за обучувачи** ќе се спроведе во периодот **од 2 до 4 октомври 2018 година**, а обуката за
**административно и архивско работење**
, во периодот
**од 15 до 17 октомври 2018 година**
. Двете обуки ќе се спроведат
**во Скопје, во просториите на МЦМС**
.

**Обуката за обучувачи** ќе им понуди на учесниците знаења и практични вештини за испораката на обуки за групи, за методите и техниките на спроведување интерак-тивна обука; за употреба на визуелни помагала; за пре-зентациски вештини, за дизајнирање сесии за обука и др.

Со **обуката за административно и архивско работење**, учесниците ќе стекнат знаења и практични вештини за тоа како се подготвуваат и вреднуваат актите, како се подготвува план за архивски знаци, како се примаат и испраќаат актите и како се евидентираат во деловодник, како се архивираат и како се подготвува листа на архивска граѓа од трајна вредност.

Заинтересираните може да се пријават со пополнување на **пријава за обуката** . **Рокот за пријавување за двете обуки е 26 септември 2018 година (среда)**
. Пријавите ќе бидат оценети и селектирани од страна на МЦМС и обучувачите. Бројот на учесници е ограничен.

**МЦМС ќе ги покрие сите трошоци за обуката, освен патните и трошоците за сместување** за учесниците кои доаѓаат надвор од Скопје. За сите дополнителни информации контактирајте ја Александра Сиљановска, на е-маил: asl@mcms.mk

**ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА**

*МЦМС е меѓу првите организации (1996 година) кои понудија обуки и консултации за јакнење на капацитетите на граѓанските организации, но и на државните институции.*

*До сега спроведовме околу 1.100 обуки и консултации за над 29.500 учесници. Благодарение на нив, учесниците се стекнаа со знаења и вештини кои им ја олеснија секојдневната работа.*

*На овој начин, МЦМС остана доследен на пополнувањето на празнините од формалното образование за работата во граѓанскиот сектор.*

*Оваа понуда е дел од одбележувањето на 25 годишнината и доаѓа во месецот кога се одбележува Меѓународниот ден на учителот (5 октомври). Така, МЦМС уште еднаш ја потенцира важноста на концептот на доживотно учење.*